# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*


| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 9 Февруари 2009година<br>Службен гласник број 3<br>Овој примерок чини 10 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2009 ГОДИНА**

1. Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 369/1
09.02.2009 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 26, точка 4 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 ), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 06.02.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измени на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година**

Член 1

Со оваа Одлука се вршат измени на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година за ваедена под бр.07-3049/3 од 25.12.2008 г.

Член 2

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2009 г. („Службен гласник на општина Прилеп" 15/2008) , се вршат измени во членот 6 , и истиот гласи :

" Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, и согласно закон.

- Висината на коефициентот за исплата на плата на Градоначалникот се утврдува на ниво од 3,40. Појдовна основа за 1(единица ) коефициент изнесува 26.253,00 денари со зголемување на од 10% почнувајќи од 1 Септември 2009 г.
- Месечниот надоместок на членовите на Советот на Општина Прилеп за присуство на седници на Советот на Општина Прилеп се утврдува на износ од 84% од просечната месечна плата во Републиката исплатена во претходната година.
- На Претседателот на Советот на Општина Прилеп за раководење и организирање на работата на Советот се зголемува за 30% од утврдениот надоместок што го примаат останатите советници.
- За државните службеници вредноста на бодот се утврдува на ниво од 75.3 денари.

- Вредноста на коефициентот за исплата на плати за вработените согласно одредбите на Законот за работни односи се утврдува во висина од 8.242,оо денари."

Член 3

Оваа Одлука ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп", стапува во сила со денот на објавувањето , а ќе се применува од 01 јануари 2009 година.

Број 07- 363/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2009 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ АНКЕТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЛОКАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА СПОМЕНИчНИОТ КОМПЛЕКС "КАРПАЛАК" ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за спроведување анкета за определување на локација за изградба на споменичниот комплекс "Карпалак" во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 369/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
09.02.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 30 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ " бр.5/2002), член 26 од Статутот на општиме Прилеп("Службен Галасник на Општина Прилеп бр. 6/2003 ,4/06 и 11/08), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на ден 06.02.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за спроведување анкета за определување на локација за изградба на споменичниот комплекс "Карпалак" во Прилеп

Член 1

За определување на локација за изградба на споменичниот комплекс "Карпалак" во Прилеп, да се спроведе анкета меѓу граѓаните на град Прилеп и на ВЕБ страната на општина Прилеп.

Член 2

Анкетата меѓу граѓаните на град Прилеп да се спроведе преку советите на урбаните заедници.

Спроведувањето на анкетата ќе се одвива со прикажување на фотографии и графички прилог на ВЕБ страната на општината и со доставување на анкетен лист на граѓаните на кој ќе има графички и фотографски приказ на понудените локации.

Анкетниот лист од став 2 на овој член е составен дел на оваа одлука.

Член 3

Пополнетите анкетни листови граѓаните ги предаваат одма на лицето кое ја врши анкетата или на претседателот или членот на советот на урбаната заедница, а тие потоа ги доставуваат до Комисијата за сумирање на резултатите од спроведената анкета.

Член 4

Вкупните резултати од спроведената анкета ги сумира комисија во состав
-БРАНКО НЕШКОСКИ- директор на ЈП за ПУП;
-ИЛИЈА КАРЕСКИ – раководител на Секторот за урбанизам во општина Прилеп;
-СНЕЖАНА РИСТЕСКА –советник за култура во општина Прилеп;
- БОБИ ЦВЕТАНОСКИ – член на Советот на општина Прилеп; и
- КЕТИ БЛАГОЕСКА - член на Советот на општина Прилеп.

За резултатите од спроведената анкета Комисијата доставува извештај до Советот на општина Прилеп.

Член 5

Анкетата да се спроведе во месец февруари 2009 година и да трае од 09 - 20 февруари 2009 година.

Член 6

Се задолжува Градоначалникот на општина Прилеп да ја спроведе одлуката.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Сл.Гласник на општина Прилеп".

Број 07- 363/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.02.2009 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

**С О Д Р Ж И Н А**

*на "Службен гласник на Општина Прилеп"*
*број 3 од 9.02.2009 година*

1. Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година. **...............................................Стр.1**

2. Одлука за спроведување анкета за определување на локација за изградба на споменичниот комплекс "Карпалак" во Прилеп. **.....................................................................................................Стр.2**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.